# EU LEADER пристапот во општини од Југоисточниот плански регион

## „Адаптација на земјоделството кон климатските промени“

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН




**М**режата за рурален развој, во партнерство со Центарот за развој на Југоисточниот плански регион работат на реализација на активностите што значително ќе придонесат во подобрувањето на одржливи практики во руралните средини во Република Македонија.

Во рамките на проектот, МРР предвиде реализација на активности поврзани со промоција на EU LEADER пристапот во општини од Југоисточниот плански регион во кои влијанието на климатските промени се одразува негативно врз севкупното живеење на руралните домаќинства. Со афирмацијата на LEADER пристапот во руралните средини, МРР тежнее кон развој на капацитетите на сите засегнати страни во руралните средини со што ќе се подобри нивното знаење и способности за партиципативно планирање во процесите на носење одлуки од важност за заедницата.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

## Краток преглед на проектот:

**Надлежен:**
- Мрежа за рурален развој на РМ

**Партнери:**
- Центар за развој на Југоисточен плански регион
- Општина Струмица
- Општина Василево
- Општина Босилово
- Општина Ново Село

**Времетраење:**
13.12.2013 – 31.12.2014

**Финансирано од:**
- УСАИД (Американска агенција за меѓународен развој)

**Цел на проектот:**
Развивање на способностите на учесниците да земат активно учество во процесот на усвојување на методологијата и принципите на LEADER заради изработка на Стратегија за локален развој на руралните средини и воспоставување на ЛАГ на територија на Струмичкиот микро-регион преку вклучување на целата заедница во самиот процес.

**Контакт:**
Ристо Чивчиев - координатор на проектот
ул. Боро Џони бр. 10
2 400 Струмица
моб. 070/ 238-949
Тел. / факс 034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk



### Цели на проектот:

- Да се разбере и дефинира концептот на руралниот развој преку LEADER и неговите принципи како средство и програма на ЕУ за развој на рурални подрачја и да се зајакнат знаењата за процесот на здружено учество во планирањето (партиципативно планирање).
- Да се изработи Локална стратегија за рурален развој преку претставување и усогласување на идентификуваните и анализираните податоци.

### Очекувани резултати:

- Регистриран ЛАГ како правно лице во Централниот регистар на РМ, согласно LEADER методологијата и побарувањата на Правилникот за регистрација на ЛАГ во регистарот на МЗШВ (во делот на регистрирање на правното лице во Централниот регистар на РМ)
- Изработена Локална стратегија за рурален развој на Струмичкиот микро-регион (без изработен Акциски план за спроведување на стратегијата.